Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-4100/3
Датум 25. 12. 2019

# ЗАПИСНИК
# ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 29.10.2019 година (вторник) во 11.30 часот, согласно Планот за надзор бр. 02-1034/1 од 07.02.2019 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Битола.

Претходно, со писмо бр.08-4100/1 од 3.102019 година претседателот на Основниот суд Битола беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со в.д. претседателот на судот - судијата Дејан Крстанов, кој претходно беше претседател на судот, во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. Надзорната комисија беше известена дека новоизбраниот претседател Миле Димовски на денот на надзорот бил во Скопје да даде свечена изјава пред Судскиот совет по што ќе ја преземал функцијата.

В.Д. претседателот на судот Дејан Крстанов истакна дека во судот работат 18 судии (заедно со претседателот) од 25 предвидени судиски места по систематизација. Во судот има вкупно 89 вработени, од 145 предвидени места по систематизација.

Судот е сместен во реновирана судска зграда и истиот е во уредна состојба со истакнати дисплеи и огласни табли.

**Она што веднаш се забележува и Комисијата го оцени како исклучително негативно е фактот што информатичарите се сместени во подрумски простории во кои не постојат основни услови за престој, хигиената е на најниско ниво и истите простории се користат за складирање на стара компјутерска опрема.**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

***ПРЕПОРАКА: Веднаш да се обезбеди просторија за двајцата информатичари на погорните катови и да им се обезбедат солидни услови за работа, а за преземеното веднаш да се извести надзорната комисија.***

В.Д. претседателот на судот истакна дека тековно се архивираат предмети, и се предаваат на чување во Државниот архив. Исто така, беше укажано дека постои проблем со (нерасходувани) неотпишани компјутери и друга техничка опрема заради која е затрупан архивскиот простор. Им беше укажано дека веднаш треба да ја започнат процедурата за отпис на истата.

Исто така, в.д. претседателот истакна дека Судскиот совет многу ретко вршел посети и надзор над работата на Основниот суд Битола.

***ПРЕПОРАКА: да се спроведе постапка за отпис на (нерасходувана) неотпишаната техничка опрема.***

Надзорната комисија побара документацијата наведена во гореспоменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

**1. Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2017, 2018 и 2019 година.**

Надзорната комисија беше информирана дека нема формална одлука за формирање на работно тело, но дека истото е формирано со Годишниот план за управување со судските предмети. Тоа беше потврдено со увид во Годишниот план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање на заостаток Су-04-4/17.

***ПРЕПОРАКА: соодветно да се следат постапките предвидени во Законот за управување со движење на предметите во судовите и Судскиот деловник***


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**<u>2. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2017, 2018 и 2019 година по предлог на Работното тело</u>**

Констатирано е дека постои Годишен план за управување со движењето на предметите за контролираниот период.

Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на заостаток на нерешени предмети за 2018 и 2019 година е донесен. Надзорната комисија изврши увид во документите Су.бр.04-3/19 од 16.01.2019 и Су.бр.04-4/17 од 25.01.2017 година.

**<u>3. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2017, 2018 и 2019 година (член 17 од СД).</u>**

Надзорната комисија беше известена дека претседателот редовно врши надзор над навременото и уредно извршување на работите во судот соглсно членот 17 од Судскиот деловник, но за тоа не биле изготвувани службени белешки поради што и не можеше да се изврши проверка на оваа обврска.

***ПРЕПОРАКА: Да се почитуваат и целосно применуваат обврските предвидени со Судскиот деловник и Законот за управување со движење на предметите во судовите.***

**<u>4. Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот суд Битола за 2017, 2018 и 2019 година</u>**

Надзорната комисија изврши увид во извештаите на Апелациониот суд Битола од каде се констатираше дека повисокиот суд извршил надзор над работата на Основниот суд Битола за 2016, 2017 и 2018 година.

Повисокиот суд главно врши надзор над состојбата со стари предмети, но исто така се започнува и со надзор над состојбата со примената на Законот за управување со движењето на предметите во судовите и Судскиот деловник. Комисијата направи увид во Извештајот на Апелациониот суд Битола Су.бр.01-40/18

и констатира дека истиот се однесува на извршен надзор над Основен суд Струга, а не на Основен суд Битола.

***ПРЕПОРАКА: Претседателот на судот се задолжува да го обезбеди извештајот на Апелациониот суд Битола за извршен надзор над примената на Законот за управување со движењето на предметите во судовите за Основниот суд Битола од 2018 година и да го достави на увид на надзорната комисија.***

**5. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници**

В.Д. претседателот информираше дека редовно одржува седници на судии, но не беа доставени записници од истите.

***ПРЕПОРАКА:Задолжително да се изготвуваат записници од одржаните седници на судии. Се задолжува Претседателот на судот да ги достави на надзорната комисија записниците за одржани седници на судии за 2018 година на увид.***

**6. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД)**

Тековни обуки за работење на АКМИС на вработените врши судскиот информатичар. Беше подвлечено дека нема организирана и систематска обука, а истата била особено потребна за обука на дактилографите. Недостасува и стручна обука за информатичарите во судот.

***ПРЕПОРАКА: Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континурана обука за ИКТ технологијата на информатичарите и другите вработени во судовите, како и специјализирана обука за дактилографски вештини.***

**7. Судски администратор (член 60 од СД)**

Судот има судски администратор.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период (член 61 од СД)**

Надзорната комисија констатира дека постои посебна листа на вработените распоредени по кориснички групи, но без прецизно дефинирани привилегии за пристап во АКМИС што ја нарушува безбедноста и отвара простор за можна злоупотреба.

***ПРЕПОРАКА: ВЕДНАШ да се изработи список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со прецизно наведени привилегии, и истите да се имплементираат во АКМИС. Да се ажурира состојбата на сите локални номенклатури кои се користат во судот.***

**9. Достава на извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судски совет, од страна на претседател на суд**

В.Д. претседателот на судот Дејан Крстанов истакна дека врши редовна достава на извештај за реализација на програмата за работа до Судскиот совет на Република Северна Македонија.

**10. Внатрешни процедури за управување со движење на предмети (174 СД))**

Надзораната комисија констатираше дека внатрешните процедури за 2017, 2018 и 2019 се донесени на 6.02.2017, 12.01.2018 и 15.01.2019 година.

**11. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Бројот и видот на судски оддели со судиите кои постапуваат по секоја област се утврдени со годишните распореди. Надзорната комисија утврди дека работата во судот се организира во 2 (два) судски оддели: кривичен и граѓански оддел. Во кривичниот оддел работат вкупно 7 судии, а во граѓанскиот 10.

**12. Формиран оддел за судска практика во судот (член 74 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана дека не е формиран оддел за судска практика заради малиот број на судии.

**13. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура за 2017, 2018 и 2019 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД)**

Годишниот распоред за работа за 2017 година е донесен на ден 29.12.2016 година и е менуван вкупно 8 пати. Измените се без образложение.

Годишниот распоред за работа за 2018 година е донесен на ден 27.12.2017 година, а за 2019 е донесен на ден 31.12.2018 година и истиот е изменет два пати без никакво образложение.

***ПРЕПОРАКА: Да се запазува основот за промена на Годишниот распоред за работа само во случај ако настапат промени на условите под кои е донесен годишниот распоред, и измената секогаш да биде образложена. Да се следи постапката за донесување на годишниот распоред предвидена во членовите 112 и 113 од Судскиот деловник.***

**14. Месечни распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година (116)**

На Надзорната комисија ѝ беа доставени на увид месечните распореди за дежурства. По направениот увид во АКМИС беше констатирано дека истите навремено се изготвуваат на месечно ниво и истите се внесени во планот за дежурство.

**15. Простории за судии поротници и за адвокати (член 120 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана дека во судот има простории за судии поротници, но не и за адвокати.

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД)**

Судот располага со огласни табли кои се во функција на видливо место. Во судот има поставено и видео дисплеи, за кои комисијата беше известена дека се во функција, но на денот на надзорот тие беа исклучени.

***ПРЕПОРАКА: Да се стават во функција сите видео дисплеи во текот на целото работно време на судот.***

**17. Формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува анонимизиран примерок од одлука (член 101)**

В.Д. претседателот ја извести Комисијата дека е формирана канцеларија за односи со јавност, но нема лице распоредено на таа задача заради недостаток од персонал.

***ПРЕПОРАКА: Итно да се задолжи лице за односи со јавноста.***

**18. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство (член 89 од СД)**

Надзорната комисија беше известена дека не е донесена одлука со која се определува лице задолжено за распределба и прераспределба на предмети. Ова остава впечаток дека секој може да влезе во системот и да изврши распределба на предмет. Исто така, не е донесена одлука за администратор на АКМИС.

***ПРЕПОРАКА: Автоматската распределба и прераспределба на предметите да се извршува од страна на судски службеник од судската***

***писарница во секој оддел согласно чл.174 од Судскиот деловник (определен со одлука и прецизирани привилегии).***

**19. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2017, 2018 и 2019 година (175 став 5 СД)**

На Надзорната комисија и беа доставени на увид дел од одлуките за исклучување и вклучување на судија од автоматска распределба на предмети. Констатирано беше дека одлуки за исклучување се носат со наредба, но без образложение од кои причини и не може да се утврди основот за изземање дали е согласно деловник, односно заради боледување или користење на годишен одмор од страна на судија за отсуство подолго од 5 (пет) дена, а соодветно се носат одлуки за повторно вклучување на судијата во распределба на предмети.

***ПРЕПОРАКА: Исклучување и вклучување на судија од АКМИС секогаш да биде образложено и истото да се врши исклучиво согласно член 175 од Судскиот деловник.***

**20. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Членовите на надзорната комисија беа известени дека месечните извештаи на работното тело се доставуваат до претседателот на судот редовно.

**21. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за изземање за 2017, 2018 и 2019 година**

Надзорната комисија од увидот во АКМИС-от констатираше дека се носат одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија.

**22. План за годишен одмор на судиите, за 2017, 2018 и 2019 година (член 115 СД)**

Надзорната комисија констатира дека се носат планови за годишен одмор за судиите.

**23. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2017, 2018 и 2019 година.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени во автоматска распределба (сите уписници во кои се заведуваат парнични и вонпарнични предмети, извршување, претходна постапка, утврдрдување на незаконити дејствија, разни истражни дејствија, кривично полнолетни, кривично малолетни и прекршочни предмети), но постојат и уписници по кои постапува само еден судија, и тоа оцена на обвинителен акт (К-ООА), кривичен совет (КС, КСП, КС-КР, КП, КУК, ЕК, УО, КПОВ), кривичен совет за деца (КСМ), прекршоци (ПРК-ПОВ), извршување на санкции (КУИКП, КУИКМ, ИКП, ИПРК, ПК, ИСАМ-Л, ИСАМ-Д, ИОИП), оставински (ОНАД), обезбедување и спроведување на побарувања (ИПК), заверки (ЗАВ, ЗАВ-С, ЗАВ-Х), заштита од незаконити дејства (ЗНД), како и сите уписници од судска управа и преставки и поплаки по кои постапува претседателот на судот.

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и предметите од уписници за кои е доделен само еден судија.

Надзорната комисија констатираше дека во уписниците од Судска управа, по кои постапува претседателот на судот, се уште не се заведени сите записи и сите акти не се изготвени во АКМИС. Се забележуваат и пропусти при поврзувањето на актите во соодветен предмет, како и при нивното редоследно нумерирање.

Управувањето со предметите од судска управа е подобрено во периодот од 2017 до 2019 година, но се уште не е на задоволително ниво.

***ПРЕПОРАКА: Предметите во сите уписници да се заведуваат редовно во рамки на законски предвидените рокови, сите акти да се изготвуваат со користење на АКМИС и да се внимава внесените податоци да бидат целосни и точни.***

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година**

В.Д. претседателот на судот Дејан Крстанов ги извести членовите на Надзорната комисија дека нема одлуки за рачна распределба на предмети.

**25. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид список на ИТ опрема со која располага Основниот суд Битола. Беше нагласена потребата за замена на процесниот сервер со нов со поголем мемориски капацитет, обновување на работните станици, обновување на принтерите, како и набавка на скенери.

***ПРЕПОРАКА: ИТНО да се зајакнат мемориските капацитети на процесниот сервер за да се овозможи непречено функционирање на АКМИС-от, системот за електронска достава, скенирањето на влезните документи, тонското снимање на рочиштата во граѓанската област, казнената евиденција и сл. Да се набават нови сервери за судовите во РСМ се со цел нормално функционирање на АКМИС-от и останатите ИКТ услуги воведени во судовите.***

**26. Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека се врши скенирање на влезните документи, и покрај големината на АКМИС базата и оптеретеноста на серверот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**27. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 15 часот. Итните предмети се распределуваат веднаш.

На денот на надзорот немаше нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот. Предметите редовно електронски се праќаат до судиите.

**28. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб порталот во однос на вкупен број одлуки донесени во судот**

Надзораната комисија беше информирана дека во судот се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал, но бројот на објавени одлуки на судскиот портал во текот на 2017, 2018 и 2019 година е значително помал од бројот на донесени одлуки во судот.

***ПРЕПОРАКА: Да се интензивира процесот на анонимизација и објавување на судките одлуки.***

**29. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана дека електронскиот прием од страна на судиите се врши редовно.

**30. Уписници што се водат во хартиена форма**

Надзорната комисија беше информирана дека во Основниот суд во Битола во хартиена форма се уште се водат уписниците од судска управа, а истите делумно се евидентираат во АКМИС.

***ПРЕПОРАКА: Уписниците од судска управа целосно да се водат во АКМИС во согласност со Судскиот деловник.***

## 31. Друго

Надзорната комисија изврши увид во просториите на судот и посебно во судниците. Беше констатирано дека сите судници се опремени со опрема за тонско снимање, и истата е во функција.

Исто така, од судот беше нагласено дека не е обезбедена никаква поддршка на системот за тонско снимање, не се врши надградба на Femida апликацијата, а било каков хардвердски дефект на опремата ќе биде тешко да се надмине.

***ПРЕПОРАКА: ИТНО да се обезбеди поддршка на системот за тонско снимање на централно ниво за сите судови, поради постоењето на сличен проблем во повеќето судови.***

***ПРЕПОРАКА: Надзорната комисија препорачува при следни измени на Законот за судовите и Законот за Судски совет на Република Северна Македонија да се предвиди и задолжително оценување на претседател на суд по завршување на мандатот како претседател на суд.***

Увидот заврши на ден 29.10.2019 година во 15:00 часот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk